| Почеток на неделата: **датум:**<br>**број на час: 46** | | | Единица **Мерење и решавање проблеми П1**<br>**Проценка и мерење на маса** | | | Одделение **VII** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Време | Цели на учење | Критериуми за успех | Активности<br>Опис | Активности<br>Форми и техники | Ресурси | Доказ за постигнување |
| 15 мин | Ученикот избира соодветни мерни единици за проценка, мерење, пресметување и решавање на проблеми во секојдневен контекст. | Можам да искористам најсоодветна мерна единица. | Наставникот ги истакнува критериумите за успех. Ги прашуваме учениците: *Каде користиме мерки поврзани со маса? Кои единици ги користите? Кои други единици ги знаете? Која е најмалата/најголемата единица за маса?*<br>Учениците играат „Measurement golf (Голф со мерење)". Обезбедете предмети со различна маса. Учениците ја проценуваат масата на секој предмет и потоа ја мерат маса со употреба на ваги за мере-ње. Тие ја запишуваат разликата помеѓу нивната проценка и реалната маса. Победник е ученикот со најмалата разлика (или вкупната разлика) после пет обиди. | И<br>Техника<br><br>натпревар | Голем број предмети или измерени вреќички/кутии за учениците да ги најдат масите<br>Ваги за мерење | Набљудување<br>Проценување,<br>Мерење,<br>Дискусија |
| 15 мин | Ученикот подредува децимални броеви, вклучувајќи мерење и ги претвара во иста мерна единица. | Можам да користам најпрецизни мерења со најсоодветна мерна единица. | Учениците ја проценуват својата маса. Споделете ја со учениците својата маса или масата на добро познат спортист. Дајте им на учениците можност да ги прилагодат своите проценки за својата маса врз основа на масата која им ја кажавте. | З<br><br>Техника<br><br>игра | | Проценка,<br>Споредување,<br>Дискусија |
| 10 мин | Ученикот ги разбира секојдневните системи за мерење и ги користи за да процени, да измери и да пресмета. | Можам да ја разбирам корелација меѓу мерните инструменти и важноста на прашањето: Што се мери? | Наставникот со учениците дискутира за тоа како аналогните ваги за мерење имаат различни скали за различни намени. Споредете дигитални и аналогни скали. *Како одлучивте за вашата проценка? Дали ја прилагодивте откако знаевте нечија друга маса? Зошто/зошто не?* Побарајте од секој ученик да ја измери својата маса. *Како се осигуравте дека вашето мерење е колку е можно попрецизно? Колку прецизна беше вашата проценка?* | З<br>Техника<br><br>предвидување | Поголем број ваги за мерење. | Соодведтно избрани мерни инструменти |

| Организација Детали за диференцијација/ групи/ улога на возрасен ( поврзано со активностите) | Забелешки / можности за проширување/ домашна работа | Клучна терминологија |
|---|---|---|
| **Вовед:** Организација на цела паралелка. Наставникиот ја следи работата на учениците и согледува дали се јавуваат грешки во размислувањата. Набавува материјал, сугерира и појаснува. | **Проширување на знаењата на учениците кои завршиле**:наставникот им дава работен лист со дополнителни задачи. Работниот лист со дополнителни задачи останува за домашна работа за учениците кои побавно ги извршуваат зададените барања од страна на наставникот. | маса, скала, прецизно, грам, килограм, тон, проценува ; |